Црвен крст на Република Македонија



# ПРИРАЧНИК

## ЗА МЛАДИ МОТИВАТОРИ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО




CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

**615.38:614.885(035)**

НОВАЧЕВСКИ, Глигор
Прирачник за млади мотиватори во крводарителството/ [прирачникот го подготвиле Глигор Новачевски, Кети Едровска Исајловска]. - Скопје : Црвен крст на Република Македонија = Shkup : Kruqi i kuq i Republikës së Maqedonisë, 2009. - 41 ; стр. : илустр. ; 21 см

Насл. стр. на припечетаниот текст: Doracak për motives në dhurimin gjakut / [dorcak e përgatiten Gligor Novaçevski, Keti Edrovska Isajlovska]. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки, - Текст на мак. и алб. јазик. - Библиографија: стр. 41 ; LIteraturë стр. 41

**ISBN 978-9989-2007-5-5**
1. Едровска Исајловска, Кети [автор]. - I. Novaçevski, Gligor
види Новачевски, Глигор
а) Крводарителство - Прирачници
**COBISS.MK - ID 78044938**

ИЗДАВАЧ
Црвен крст на Република Македонија

ЗА ИЗДАВАЧОТ
Саит Саити
ВД. Генерален секретар на Црвен крст на Р.Македонија

# ПРИРАЧНИК ЗА МЛАДИ МОТИВАТОРИ ВО КРВОДАРИТЕЛСТВО

Прирачникот го подготвиле:

**Глигор Новачевски**
стручен соработник за крводарителство во Црвениот крст на Република Македонија

**Кети Едровска Исајловска**
психолог во Републичкиот завод за трансфузиологија

ЛЕКТУРА
Раде Андоновски

ТЕХНИЧКО УРЕДУВАЊЕ
Владимир Хаџи Пулевски

ПЕЧАТИ
“ЕВРОПА 92” Кочани

ТИРАЖ
400 примероци

ГОДИНА НА ИЗДАВАЊЕ
април 2009 година

Благодарност до

ИФРЦ
(Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина) и

Canadian Red Cross
Croix-Rouge canadienne

Канадскиот Црвен крст
за финансиска поддршка за издавање на овој прирачник, кој е дел од проектот “Мотивација на младата популација за доброволно крводарување”.

# СОДРЖИНА

**Вовед** 4

**Искуства за крводарителство во светот** 5

**Мапа на Република Македонија со стапка на крводарителство на популација од 1000 жители за период 2005-2008 год.** 7

**Едукација, информирање и мотивирање на младите за крводарителство** 8
Што треба да знаеме за крводарителството ?

**Мотивирање на крводарителите** 14
- Позитивна психолошка мотивација во крводарителството
- Мотивирање на првократни и повеќекратни дарители
- Видови на мотивирање и целни групи

**Комуникација и однесување со крводарителите** 19
- Комуникација со крводарителите

**Работа во тим** 20
- Позитивен однос и задржување на крводарителите
- Управување со конфликтни ситуации
- Како да организирате успешна крводарителска акција

**Планирање и организирање на крводарителски акции** 23
- Ризични однесувања
- Вообичаени верувања и прашања за крвта
- Планирање на трошоци
- Регрутирање на крводарители
- Користење на електронски систем за пребарување на податоци
- Ресурси
- Принципи на рекламирање
- Комуникација / однос со медиуми
- Пораки во кризни состојби
- Активности за прием на нови крводарители со индикатори

**Табели со обработени вежби и одговори за крводарителство** 32

**Графикони: Број на реализирани крвоадувања и процентуална застапеност по факултети за пеиод 2005-2008 година.** 39

**Литература** 41

# ВОВЕД

Прирачникот претставува наставно помагало кое првенствено ќе им користи на младите мотиватори ( за ПИЕР - врсничка едукација) од редовите на ученичката и студентската популација за едукација за доброволното крводарителство.

Прирачникот за млади мотиватори за крводарителство со своите интересни и богати содржини е наменет и за пошироката јавност без оглед на разлика на пол, возраст и професија.

Младите луѓе, како перспектива во иднина се приоритетна цел во крводарителството и тие треба правилно да се едуцираат, за да го подобриме здравиот начин на живеење, да обезбедиме сигурна крв и да се фокусираме на дарители од нискоризичните популации.

Регрутирањето на младите има за цел да открие што најмногу ги мотивира младите, како да ја подигнеме јавната свест и интересот кај младите, како да ги промовираме позитивните ставови на младите за крводарителството, како да ги вклучиме во нашите редови и да допреме до нив со соодветна порака.

Пристапот кој го практикуваме во последно време преку мрежно поврзување на младите од универзитетските центри во државата, придонесува да се интензивира размената на искуства, да се пренесат релевантни информации, да се користат добрите страни и позитивни искуства при организирање на крводарителските активности, да се даде поддршка и да се применат иницијативи на младите со цел да се унапреди крводарителството во нивните средини.

Потребата за соодветно и постојано снабдување на крв значи дека е потребно да ги охрабрувате дарителите кои прв пат даруваат крв и ги исполнуваат критериумите за селекција на дарители да станат редовни доброволни крводарители.

Прирачникот содржи неколку поглавја во кои се опфатени искуствата за крводарителство во светот и за клубот 25, поопширно е разработена темата за едукација, информирање и мотивирање на младите за крводарителството, комуникацијата со крводарителите, позитивната психолошка мотивација, тимската работа, критериумите за селекција на крводарители, поставени прашања и одговори и донесени ставови и мислења за прашања поврзани со мотивираност и како да го унапредиме крводарителството и го зголемиме бројот на нови и млади крводарители.

# Искуства за крводарителство во светот

Крвта е национален ресурс. Владите се одговорни да гарантираат дека снабдувањето со крв е безбедно, соодветно и може да ги задоволи потребите на сите популации на приматели на крв.

Меѓутоа, во многу делови на светот не постои доволно крв за да се помогне на луѓето кои имаат потреба од неа.

Во светот, околу 75 милиони единици крв се обезбедуваат секоја година. Сепак, од 500.000 жени кои секоја година умираат од компликации во бременоста, воглавно во земјите во развој, околу 150.000 жени умираат поради недостиг на крв. Исто така, многу жени кои страдаат од гинеколошко-акушерски компликации немаат пристап до безбедна крв и ризикуваат да примат заразена крв. Се проценува дека 80 % од светската популација има пристап до само 20 % од глобалното снабдување со безбедна крв. Една од главните причини зошто снабдувањето со крв е несоодветно во многу земји е недостигот на доброволни неплатени дарители кои редовно даруваат крв и зависноста од фамилните (заменски) дарители. Стапката на крводарителство на популација од 1000 жители е 18 пати повисок во земјите со висок индекс на човечки развој (HDI human development index) отколку во земјите со низок индекс на човечки развој. (HDI, систем за мерење кој е изграден од развојната програма на Обединетите нации, е заснован на три фактори: очекувано траење на животот, стекнато образование и дополнителен приход). Само 16 % од глобалното снабдување со крв се обезбедува од страна на доброволни неплатени крводарители во земјите со низок и среден развој.

Се проценува дека ако 5 % од популацијата редовно дарува крв, тогаш ќе се одржи соодветното снабдување со крв. Во моментот, многу индустријализирани земји се залагаат тоа да го постигнат во целост, додека во многу помалку развиени земји обезбедуваат околу 1 %.

Идеалот кон кој секоја земја во светот се стреми да обезбеди 5 % од популацијата од алтруистички мотиви, да прерасне во доброволни и неплатени крводарители со цел да се одржува снабдувањето со безбедна крв што ќе одговара на задоволување на потребите за крв.



# Интернационален КЛУБ 25, еден свет ........ една крв!

Клубот 25 претставува програма наменета за младите која има за цел да ги поттикне на доброволно крводарителство, да ја зајакне социјалната одговорност и промоција за здравјето кај младата популација преку крводарувањето.

Преку зачленувањето во Клубот 25 младите луѓе учествуваат во крводарителските акции, учат за здравите животни навики и се стимулираат редовно да даруваат крв, со поставена цел 20 крводарувања до навршување на 25 години од животот.

Во клубовите младите се едуцираат за превенција од ХИВ/СИДА, сексуално крвно преносливи инфекции, злоупотреба на психоактивни супстанци и други ризични однесувања со цел да го одржат здравиот начин на живот и да бидат идни и сигурни крводарители.

Младите во клубовите имаат можност да бидат обучени за промоција на здравото однесување во заедниците, преку првата помош, правилната исхрана, физичката активност итн.

Ваквиот концепт допринесува за зголемување на бројот на млади луѓе помеѓу крводарителите и зголемување на бројот на млади луѓе кои што дарувале крв повеќе од еден пат и постануваат редовни крводарители.



# Мапа на Република Македонија со стапка на крводарителство на популација од 1000 жители во период 2005-2008 година






# Едукација - информирање и мотивирање на младите за крводарителството

Една од почетните активности кои треба да бидат направени за информирање и мотивирање на младите луѓе да даруваат крв е подигнувањето на јавната свест на населението за потребата да се дарува крв. Следните активности е потребно да бидат насочени кон надминувањето на дадени предрасуди во однос на крводарувањето, за одредени поими, се уште присутни меѓу нашето население. Така позади психичките аспекти на крводарувањето, концептите како “крв” и “давање” треба да бидат разбрани во контекст на дадената култура. За повеќето крвта е синоним на болка, болест и, нешто непријатно. Задача на младите мотиватори и едукатори е овие поими поврзани со крводарителството да ги претворат во поимите “здравје” и “течност што дава живот”. Од тие причини во мотивирањето е потребно да одбираме поими и примери кои градат позитивен однос кон крводарувањето.

# ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕМЕ ЗА КРВОДАРУВАЊЕТО?

## Заедно да спасиме нечиј живот!

Секој ден не можеш да спасиш нечиј живот. Но тоа може да стане твое трајно искуство ако почнеш да даруваш крв. Секој ден стотици луѓе имаат потреба од трансфузија на крв. Човечката крв не може да се произведе или замени и затоа да даруваш крв е навистина нешто посебно!

## Постојана е потребата од нови крводарители!

Службите за трансфузија секојдневно имаат потреба од нови крводарители. Крв можат да даруваат луѓе на возраст од 18 - 65 години, со телесна тежина од најмалку 50 килограми. Особено ни се потребни млади луѓе, зошто? Затоа што младите се здрави и можат подолго време во текот на животот да даруваат крв.

## Зошто е потребно да се дарува крв?

Со подарената крв не им помагате само на примателите на крв. Без оглед на тоа на која возраст сте, дарувањето на крв ви дава многу поволности:

- Помагајќи им на другите станувате препознатливи во местото каде што живеете
- Правите подобар контакт со луѓето во заедницата и станувате личност која сите ја препознаваат
- Си осигурувате доволно крв за себе и за своите блиски
- Со дарувањето на крв ја проверувате својата здравствена состојба - крвниот притисок, пулсот и хемоглобинот секогаш кога ќе дарувате крв.
- И на овој начин можете да станете дел од волонтерите на Црвениот крст.

## Кој може да дарува крв?

- Ако сте на возраст од 18-65 години
- Ако се чувствувате здрави (пр. не сте настинати, не кашлате)
- Да немате тежина помала од 50 кг.

## На кого му помагаме со дарувањето на нашата крв?

Пациенти со карцином, кардиоваскуларни болести, пациенти со изгореници, жртви на сообраќајни несреќи, при операции, пациенти со хемофилија, при породување, кај бебиња.

## Што треба да се направи пред да се дарува крв?

- Пијте повеќе течности пред да дарувате крв.
- Земете лесен оброк.
- Понесете ја со себе и крводарителската книшка ако веќе сте дарувале крв, за да ви се запише новото дарување.
- Ако имате помалку од 18 години, донесете согласност од родител или од старател.

## Што се случува во текот на дарувањето на крв?

- Пред да дарувате крв ќе треба да пополните прашалник за крводарители.
- Ќе ве прегледа лекар кој во доверба ќе поразговара со вас за вашето здравје.
- Ќе ви го измериме крвниот притисок и ќе земеме една капка крв од домалиот прст за да го провериме нивото на хемоглобинот.
- За дарување на 450 мл. крв ќе ви бидат потребни од 5-10 минути, а вашето тело ќе го надополни количеството на дарувана крв во текот на 48 часа.
- После дарувањето на крв ќе се одморите и ќе добиете благодарен оброк, а во текот на денот ќе пиете повеќе течности.
- Целиот процес на дарување на крв не трае повеќе од 1 час.

## Дали дарувањето на крв е болно?

Некои луѓе чувствуваат нервоза пред да даруваат крв, дали ќе почувствуваат болка. Нема место за загриженост. Еве што вели еден дарител:

***“Јас не се плашам од игли. Пред првото дарување на крв почувствував нелагодност, но не почувствував никаква болка.”***

## Дали е безбедно дарувањето на крв?

- Целата опрема со која се зема крв е стерилна.
- Иглите се за еднократна употреба и после употреба безбедно се отстрануваат.
- Крвта што ќе ја дарувате е 10% од вкупниот волумен на крв во телото и потполно безбедно може да се дарува на секои 3 месеци (за мажи) и 4 месеци (за жени).
- Дарувањето на крв не го оптоварува вашиот организам, но се препорачува во наредните 12 часа по дарувањето да не се прават тешки физички активности.

## Што се случува со даруваната крв?

Потребите за крв никогаш не се намалуваат. Секојдневно голем е бројот на луѓето кои имаат потреба од крв. Пред да ја примат, крвта поминува повеќе тестови. Само контролираната крв се употребува. Особено е важно обезбедувањето на доволно количество сигурна крв во случај на катастрофи кога потребите за крв и крвни компоненти се зголемуваат. Единствен начин да се одговори на овие барања е да се има редовни дарувања од здрави доброволни дарители на крв.



# Какви видови на дарувања постојат?




Дарување на крв за себе. Со автологната трансфузија се намалува ризикот од посттрансфузиони реакции, а исто така и можноста да се пренесат вирусни инфекции преку крвта.

Со одобрување од страна на лекарот можете да дарувате крв за себе во период од 6 месеци пред вашата операција. Овој вид на трансфузија се смета за сигурна трансфузија.

Од последното дарување е потребно да поминат 72 часа пред да се направи операцијата. Важат истите критериуми за контрола на крвта како и во случај на доброволното дарување.

- за дарител кој може да даде малку повеќе

**Плазма** - течен дел од крвта

**Афереза** - процес на сепарација на крвта.

Плазмаферезата е лесна за разбирање.

Всушност тоа значи дека деловите од твојата крв се сепарираат со машина, која ги задржува деловите на крвта што се потребни на пациентот, а останатото се враќа кај дарителот.

Крвта се состои од компоненти: црвени крвни зрнца, плазма, бели крвни зрнца, тромбоцити.

## Зошто е потребна плазмаферезата ?

Дарувајќи целосна крв, можете да давате најмногу 4 пати годишно, за разлика од Плазмафереза каде може да давате 12 пати годишно. Ова е можно заради побрзата регенерација на плазмата за разлика од црвените крвни зрнца.

Секоја донација со афереза дава 600 мл плазма, споредено со 200 мл при обично дарување крв. Плазмаферезата овозможува да се добие три пати повеќе плазма, отколку при дарување на цела крв. Но исто така покрај дарителите на плазмафереза нас се уште ни требаат повеќе дарители на цела крв.

*Му помагаме на Дејан........*

*Благодарејќи на крводарителите, деветгодишниот Дејан е способен да трча, спортува и да ги врши сите работи што можат и неговите врсници.*

*Дејан има хемофилија, состојба на крвта при која тој страда од бројни внатрешни крварења по лесни повреди. Ова не само што е болно, туку и предизвикува зглобни оштетувања кои би барале обемни операции и нови и повеќе крвни компоненти.*

*Вашата донација на плазма би му обезбедила на Дејан и сличните како него витален коагулационен фактор VIII, кој недостасува во неговиот организам. Регуларни дози од фактор VIII го штитат Дејан од непотребно крварење, овозможувајќи му што понормален живот. При несреќи, вашата плазма може веднаш да му го спаси животот. На Дејан му се потребни 50 до 60 дози на засирувачки фактор годишно. Да се подготви една доза, потребни се 10-15 дарувања на плазма од една единица на целосна крв. Со други зборови за да се снабди Дејан со фактор VIII се потребни 600-900 дарувања годишно, секоја година.*

## Вашата плазма им помага и на другите

Освен што помага на сличните на Дејан, другите компоненти на вашата плазма наречени антитела се употребуваат да ги заштитат болните против заболувања како што се Хепатитис Б, Рубеола и Тетанус. Плазмата помага при надоместување на крвниот волумен при изгоретини и крваречки шок, како и при заболувања на црниот дроб и бубрезите.

## Процес на дарување

Процедурата е едноставна, фактички е слична како при дарувањето на целосна крв. Мал дел од вашата крв проаѓа низ иглата, паѓа низ цревото во стерилна запечатена кеса споена со целосно автоматизирана машина. Тука крвта се сепарира на плазма и еритроцити со брзо вртење на крвта. Плазмата останува во машината, и потоа безбедно се враќаат црвените крвни зрнца во организмот. Процесот се повторува додека не се собере доволно количество плазма. Ова обично трае 30-45 минути, за кое време може да лежите, читате книга и да се одмарате. Додека сте на машина ќе бидете надгледувани за цело време од обучено лице со искуство во плазмаферезата. За секоја плазмафереза се употребува стерилен сет. Давањето плазма е со ваша согласност и нема да чекате. Целиот процес ќе ви биде објаснет претходно од обученото лице.

## Ако сакате да бидете дарител на плазма ?

Новиот дарител на плазма би требало да има меѓу 18-55 години (18-48 во регионалните центри) околу 60 кг. тежина (без други индикации) и да нема компликации при евентуалните претходни дарувања на крв. Дарителите на плазма можат да даруваат почесто во текот на годината.



## Каде можам да дарувам крв?

Во сите поголеми градови во Република Македонија постојат трансфузиолошки центри во склоп на Медицинските центри, каде што може да се дарува крв. Црвениот крст во соработка со трансфузиолошката служба организира редовни крводарителски акции во средните училишта, факултетите, локалните заедници на територијата на целата држава. Информирајте се во Црвениот крст и придружете им се на крводарителите.

## Зошто е убаво да даруваме крв заедно?

Од даруваната крв немаат корист само примателите. Независно од годините, дарувањето на крв е корисно од многу причини за самите дарители и за сите оние кои работат на крводарителството:

а) Се чувствувате значајно. Дарувањето на крв е нешто посебно. Сознанието дека дарувајќи крв сте помогнале да се спаси нечиј живот ви создава чувство дека сте направиле нешто навистина големо и значајно во животот.
б) Зајакнување на заедништвото. Заеднички организираните акции на факултетите и средните училишта во земјата го јакнат духот на заедништвото и тимската работа.
в) Помагате на локалната заедница, со вклучувањето на вашето училиште, факултет во активностите за организирање на акции за доброволно крводарување.
г) Изградете партнерство. Дарувајќи крв заедно, вие им помагате и на оние кои тоа го прават за прв пат.

## Ако не можам да дарувам крв - како можам да помогнам на друг начин?

Ако не можете да дарувате крв има многу други начини на кои можете да помогнете:

а) Поканете член на вашето семејство и пријател да даруваат крв. Побарајте од нив да се обидат - процесот на дарување одзема околу 1 час време, а со дарувaната крв спасувате 3 човечки животи.
б) Ако сега не можете да дарувате крв вратете се во службата за трансфузија понекое време повторно, за да проверите дали можете да дарувате крв.
в) Вклучете се во работата на Црвениот крст како волонтер во оваа или некоја друга хуманитарна програма.

# Мотивирање на крводарителите

## - позитивна психолошка мотивација во крводарителството
## - мотивирање на првократни и повеќекратни дарители
## - видови на мотивирање и целни групи

Мотивирањето во крводарителството е организиран облик на влијание врз луѓето за прифаќање, реализирање и проширување на идеите за крводарителство.

Поширока цел на мотивирањето во крводарителството е зголемување на бројот на крводарители и бројот на дарувања на крв.

Основна цел на мотивирањето е подигнување на свеста за крводарителството меѓу општата популација, со формирање на позитивни ставови кон крводарителството, корегирање на негативните ставови и мотивирање на луѓето активно да учествуваат во програмите за крводарителство.

## Позитивна психолошка мотивација во крводарителството

Позитивна психолошка мотивација кон дарувањето, што понатаму ќе значи активност на полето на крводарувањето, можеме да постигнеме со организирана, целна, навремена информација и едукација на населението за значењето и потребата од крводарување. Докажано е дека една од најефикасните мотивациони активности е информацијата која се пренесува од човек на човек

Една од придобивките на крводарувањето е можноста еден човек да помогне на друг човек, што претставува највисок чин на хуманост. Односот кон крводарителството, е однос кој човек го гради кон друг човек, но истовремено и кон сопствената личност. Дарителите на крв, со чинот на дарување, даруваат и дел од себе, што значи не само дел од своето тело, туку и дел од своите чувства, надежи и очекувања.

Многу луѓе имаат желба да даруваат крв, но сеуште размислуваат дали да го сторат тоа. Причините можат да бидат најразлични. Задача на младите мотиватори и едукатори е да им помогне на овие луѓе да донесат позитивна одлука во однос на тоа дали да даруваат крв. Луѓето кои редовно даруваат крв исто така треба да се мотивираат, повторно да се јават на поканата за дарување на крв.

Со оглед на тоа, она на што треба да работиме е да ја подигнеме одговорноста кај луѓето во грижата за други луѓе. Во нашата култура, луѓето се одговорни само за семејството и за најблиските. Кога се случуваат големи несреќи, масовно одговараат на повиците за акција и помош. Но како да ги насочиме да даруваат крв за некого, кого не го познаваат и кого никогаш нема да го сретнат. Исто така одговорност треба да создадеме и кај пациентите на кои им е потребна крв. Во наши услови тие луѓе најчесто остануваат ускратени за информацијата како тој животворен лек стигнал до нив и ускратени се за потребата да се заблагодарат на тој што ја дарувал крвта.

Со добро осмислена мотивирачка активност и кампања во чија основа ќе бидат правилната информација и едукација на различни категории на население, ќе успееме да ја актуализираме и правилно да ја насочиме позитивната мотивација, која на таков начин ќе стане трајна состојба, желба и цел на секоја граѓанин.

# Мотивирање на првократни и повеќекратни дарители

## Првократен дарител

Мотив да дарува крв, кај првократниот дарител може да биде различен (можеби е да им помогне на непознат примател или на пријател, но може да биде и заради тестирање на неговата крв на крвнопреносливи вируси);

Потребно е многу повеќе убедување и објаснување за постапките, особено што би требало да очекува за време на дарувањето на крв и во однос на доверливоста за направените контроли на крвта;

Потребно е повеќе време да се комплетира записот и да се направат другите постапки што претходат на дарувањето на крв;

Одржување на контактот со првократниот дарител и во периодот после дарувањето на крвта заради негово задржување и мотивирање како крводарител и мотиватор за нови крводарители;

Треба да се покаже благодарност за направениот хуман гест што значи негово охрабрување повторно да дојде и да дарува крв.

## Повеќекратен дарител

Мотивот за дарување на крв кај повеќекратниот дарител е веќе познат од средбите и разговорите што сме ги воделе при претходните дарувања. Нивниот мотив може да се искористи во мотивирањето на другите да даруваат крв;

Потребно е помалку објаснување околу крводарителството бидејќи веќе им се познати постапките;

Потребно е помалку објаснување пред самото дарување на крв;

Потребно е помалку време за да се комплетира записот и за да се направат другите постапки што претходат на дарувањето на крв;

Доколку е одбиен да дарува крв од некаква причина потребно е внимателно да се повторат критериумите за дарување на крв;

Благодарноста изразена кон дарителот не е веќе главен мотивирачки фактор, но таа секако треба да се изрази за да ги потикне понатамошните дарувања.

## Видови на мотивирање и целни групи

Во однос на остварувањето на специфични цели и начини на дејствување, мотивирањето во крводарителството може да биде:

- индивидуално мотивирање на поединци
- мотивирање на групи
- мотивирање на населението

## Индивидуално мотивирање на поединци

Често пати во праксата се заборава дека полесно е да се убеди - придобие човекот еднаш да дарува крв, отколку да се задржи во популацијата на крводарители и од него да се создаде незаменлив сојузник во работата за омасовување на крводарителството. Значењето на соработниците во крводарителството е многу големо, пред се затоа што луѓето кои никогаш не дарувале крв, повеќе им веруваат на крводарителите отколку на професионалците кои работат на мотивирање на луѓето да даруваат крв.

Индивидуалното мотивирање во крводарителството е насочено кон формирање и одржување на позитивна мотивација за дарување, кај лица кои еднаш веќе дарувале крв. Основна цел на оваа активност е зголемување на бројот на дарувања на крв и стекнување на соработници во работата на омасовување на крводарителството. Поставената цел се постигнува со константна работа на јакнење на позитивните ставови на дарителите во врска со крводарителството.

Во индивидуалното мотивирање се користи **“живиот збор”** и се води разговор со дарителите на крв :

На популарен начин и со едноставни зборови на доброволниот дарител на крв пред првото дарување му се даваат основни информации за процесот на крводарување и целта на крводарителството, со цел правилно информирање и едукација. На дарителот му се објаснува : колкави се потребите од крв, каде, кога и како се применува трансфузија на крв, кој може да биде крводарител, во кои временски растојанија може да се дарува крв, какви контраиндикации има дарувањето на крв, како и за колку време се обновува дадената крв, за обработката на крвта и нејзината подготовка за примена, какви контроли се прават пред да се употреби даруваната крв од страна на дарителот, какви се постапките за превенција на пренесувањето на вирусните инфекции (хепатитис, хив вирусот, сифилис), се објаснува техниката на одредување на крвната група и други информации кои се од интерес за крводарителот.

Во текот на разговорот се регистрираат размислувањата и забелешките на крводарителите во врска со крводарителството, нивните совети и сугестии во врска со подобрувањето на работата на масовност на доброволното крводарителство. Многу е значајно дарителот да се почувствува почитуван. Пожелно е со дарителот да се оствари близок контакт кој води до меѓусебна доверба и почитување.

Во индивидуалното мотивирање се користи и пишаниот збор, како индиректна техника: брошури на различни теми од областа на крводарителството или области поврзани со него, покани за дарување на крв и друг вид на соработка, СМС пораки, честитки по повод празници и лични јубилеи на крводарителите.



# Мотивирање на групи

Овој вид на активности се насочени кон одредени целни групи кои можат да бидат диференцирани според: полот (мажи, жени), образованието (средношколци, студенти, академски граѓани и др.), професијата (работници во производство, службеници, естрадни уметници, просветни работници, професионални возачи, полиција и др.)

Целта на мотивирањето на групи е формирање и одржување на позитивна мотивација за доброволно, анонимно и неплатено крводарување. Зависно од структурата на групата се применува посебен пристап во едукацијата и мотивирањето, со примена на одредени специфични техники на работа.

Во мотивирањето на младината, општиот методолошки пристап треба се состои во чести контакти со студентите и средношколците, при што се користи директна аудиовизуелна, визуелна и аудио техника за информирање, едукација и мотивирање во крводарителството.

## Техники на работата :

Да се формираат клубови на крводарители на Црвен крст во кои ќе членуваат доброволните крводарители на факултетите, вишите и средните училишта. Клубовите на крводарители на Црвен крст треба да бидат основни носители на ширењето на идејата за доброволно крводарителство меѓу младите.

Колку што е можно почесто организирање на информативно-едукативни и мотивирачки излагања за учеството на младите во крводарителството и за

крводарителството воопшто, во средствата за јавно информирање.

Во просториите на сите факултети, виши и средни училишта, студентски читални, амбуланти за студенти, да се поставаат плакати со мотивирачка порака и список на поттикнувачи за позитивно однесување за членовите на младите крводарители.

Пред изведувањето на секоја акција за собирање на крв, во амфитеатрите и училниците да се одржат кратки информативно-едукативни предавања не подолги од 10-15 минути.

д) Два пати годишно да се организираат акции за дарување на крв во студентските домови, факултетите и средните училишта со што би се стекнала традиција за крводарување.

ѓ) Да им се врачуваат членски книшки на младите крводарители, на студентите и учениците кои самоиницијативно доаѓаат во службите за трансфузија и учествуваат на крводарителските акции за да ја дуруваат својата крв. Во оваа прилика е добро на сите да им се порача да ја шират идејата за доброволното крводарителство во својата средина и мотивирачки да делуваат на своите колеги и тие да станат доброволни крводарители.

# Мотивирање на населението

Мотивирањето на населението за крводарување има за цел зголемување на бројот на крводарители и бројот на крводарувања при организирањето на акциите за крводарување.

Посебно внимание треба да се посвети при подготвувањето на местото каде ќе се одржи акцијата за доброволно дарување на крв. Просториите во кои се планира изведување на акцијата треба да бидат светли, чисти, пространи, убаво уредени, каде за време на акцијата може да се пушта тивка, пријатна музика. Просториите треба да се обележат со видливи знаци, при што треба на ист начин да се означат и сите приоди, како и на надворешноста на зградата, така што секој минувач веднаш ќе забележи дека тука се одржува акција за доброволно дарување на крв.

Секоја организирана акција за дарување на крв ќе биде поуспешна ако претходно биде најавена во медиумите. По завршување на акцијата преку средствата за јавно информирање јавноста треба да се извести за успехот на акцијата. Посебно треба да се пофалат групите дарители кои најмасовно учествувале во акцијата. Стручното лице кое се занимава со мотивирачка работа треба да изрази благодарност на организаторите на акцијата и на сите учесници во акцијата за доброволно дарување на крв. Во таа прилика треба да се извести јавноста дека потребата од крв е константна и дека сите кои сакаат да помогнат во лечењето на болни и повредени, можат да даруваат крв во службите за трансфузија, независно од организираните акции во нивното место на живеење или работно ангажирање.

Во периодот по одржувањето на акцијата потребно е да им се доставаат, во колку е можно покус рок, крводарителските легитимации на доброволните крводарители кои учествувале во таа акција.

# Комуникација и однесување со крводарителите

## Комуникација со крводарителите

Најголем дел од работата на персоналот во службите за крводарителство се состои во секојдневно обезбедување на доволен број крводарители. Затоа од персоналот се бара да има изградени вештини за: едукација на потенцијалните крводарители за потребата од постојано снабдување со сигурна крв и за важноста на доброволното неплатено крводарителство, информирање и едукација за критериумите и условите за прием на крводарители, мотивирање на потенцијалните крводарители да даруваат крв, информирање за службата за крводарителство и за начинот и времето кога луѓето можат да даруваат крв.

Секој кој работи на мотивирање на дарители на крв има потреба од совладување на специфични техники и вештини за извршување на работните задачи, но пред се има потреба за градење на вештини за остварување на квалитетен и непосреден контакт и комуникација со крводарителите. Начинот на кој секој го креира контактот и ја остварува комуникацијата со луѓето кои се мотивирани да даруваат крв зависи од многу нешта: самата личност и особините на личноста, семејството, пошироката околина.

За успешно извршување на задачите сите оние кои работат на програмата за крводарителство неопходно е постојано да ги изградуваат и усовршуваат комуникациските вештини (вербална и пишана комуникација), вештините за презентација, вештините за контакти со локалната заедница, комуникативноста и способноста да се сослуша другиот, спсобноста да им се дава подршка на другите, вештините за планирање и управување со ресурси, подготвеноста за тимска работа и др.

Дарителите на крв го заслужуваат најдоброто што може да им се понуди. На крводарителите треба да им се понуди гостопримство и доверливост. Професионално изградениот однос и грижа во однесувањето со крводарителите влијае врз приемот и задржувањето на доброволните, неплатени дарители кои се редовни, предани и ниско ризични.

За да се постигне тоа потребно е постојано градење на позитивни ставови, позитивна мотивација од страна на сите оние кои работат на програмата за крводарителство, во односот со крводарителите. Луѓето сакаат да се чувствуваат почитувани и уважени. Затоа, за да им биде пријатно дарувањето, престојот и контактот со вработените, неопходно е да им се пријде со должно почитување и уважување, што ќе значи почетна позитивна мотивација, повторно да го сторат истото. Исто така потреба на секој човек е да биде прифатен и разбран.

Имаат желба да даруваат крв, но сеуште размислуваат дали да го сторат тоа. Причините можат да бидат најразлични. Наша задача е во таков момент да им помогнеме да донесат позитивна одлука.

## Работа во тим

За реализирање на вака големиот број активности кои од нас ги бара крводарителството потребна е заедничка работа во тимови.

Тимот е група на луѓе кои работат или се однесуваат на начин кој им помага да постигнат заеднички цели. За да работи една група како тим потребно е нејзините членови претходно да се договорат за процедурите за работа, да изградат чувство за припадност, соработка и меѓусебните несогласувања да ги надминуваат низ меѓусебна отворена дискусија. Развивањето на соработката меѓу членовите во тимот претставува основа за ефикасно работење на тимот.

Редовните состаноци на членовите на тимот придонесуваат за создавање на работни навики и одржување на добри меѓучовечки односи. Секој состанок треба внимателно да се подготвува и спроведува во сите негови фази (пред, за време и по завршувањето на состанокот).

## Предности на тимската работа

Кога се работи во тим, сите членови подеднакво треба да учествуваат во распределбата на задачите. На тој начин се поттикнува чувството дека секој член има свој удел во работата и учествува според своите можности и знаења. Една од предностите на тимската работа е што секогаш има размена на повеќе идеи. Успешен во работата е оној тим во кој решенија за дадени работи се донесуваат на транспарентен начин што значи прифаќање на различни гледишта и нивно разгледување или одобрување.

Работата во тим подразбира посветеност во работата и мотивираност, заедничко превземање на ризик, но и заедничко дружење и заемна поддршка што е од особено значење во областа на крводарителството.

Луѓето кои работат на програмите за крводарителство треба да поседуваат соодветни и изградени особини на личноста и добри професионални вештини. Тоа значи дека секој што сака да работи на крводарителство треба да ја раководи својата работа со: чувствителност и грижа за другите, добро донесување на судови, ентузијазам, флексибилност и прилагодување.

## Позитивен однос и задржување на крводарителите

Секој дарител на крв има две основни потреби - лични и практични. Кога овие потреби ќе се задоволат, како резултат на беспрекорен однос и грижа од страна на персоналот, крајно се постигнува не само мотивирање но и задржување на крводарителите.

За задоволување на **личните потреби** на крводарителите потребни се три основни вештини:

а) Одржување и зајакнување на самопочитта
(Однесувајте се со дарителот како со важна личност, пофалете го и дајте му комплимент, покажете ја вашата благодарност, бидете љубезни, учтиви, конкретни и искрени)
б) Слушање и одговарање со соживување
(слушајте го активно тоа што го кажува дарителот и следете како се чувствува, покажете интерес за чувствата на дарителот)
в) Барање на идеи и сугестии (барајте од дарителот да ви даде нови интересни идеи, кои понатаму ќе ви бидат од корист)

Секојдневната комуникација со многу луѓе честопати е многу напорна. Користењето на овие три вештини помага за снаоѓање во тешки ситуации и нивно ефикасно разрешување.

Препознавањето и задоволувањето на **практичните потреби** на дарителите значи постигнување на висока професионалност и квалитет во грижата за крводарителите и нивното задржување. Потребно е да се превземат следните активности:

а) Прифаќање на лицето
(Покажете грижа, објаснете ги процедурите, покажете почит, направете контакт со очи/насмевка)
б) Разјаснување на ситуацијата
(Определете ги или разјаснете ги потребите, покажете разбирање и сочувство)
в) Предвидување и задоволување на потребата
(Ако е можно, предвидете ги очекувањата на дарителот)
г) Потврдување на ситуацијата
(Направете проверка за да бидете сигурни дали дарителот е задоволен)

## Управување со конфликтни ситуации

Лутиот, недоверлив, нерасположен и тежок за комуникација човек создава несекојдневна и сложена ситуација која му создава проблеми дури и на најискусниот мотиватор.

За справување со незадоволниот крводарител потребно е совладување на техники и вештини за управување и раководење со конфликтни ситуации. Овој процес ќе овозможи и најнезадоволниот дарител да стане позитивен и мотивиран приврзаник на активностите поврзани со крводарителство. Техники и вештини кои помагаат во вакви ситуации се:

а) Способноста да се сослуша другиот
б) Сочувствување
в) Извинување
г) Превземање на обврската да се реагира во дадена ситуација

# Како да организирате успешна крводарителска акција

Крводарителите бараат и заслужуваат најдобар однос и прифаќање и ако сакате да ви возвратат, тоа треба и да им го дадете. Совладувањето на вештините за однесување со дарителите е исто толку значајно за учество и водење на програмата за крводарителство колку и традиционално ценетите медицински и административни вештини.

Секој крводарител кој ќе дојде да дарува крв, треба да биде пречекан срдечно, што е една од најважните задачи во однесувањето со крводарителите. Секој кој на било каков начин е вклучен во програмата и активностите за крводарителство има обврска да ја направи и спроведува програмата за позитивен однос кон дарителите и да изгради атмосфера на доверливост и сигурност.

Потребно е активно да се учествува и во обезбедувањето на пријатна и продуктивна работна средина во која ќе ги има сите услови за реализирање на програмата за сигурно крводарителство.

Што ви е потребно за да организирате успешна крводарителска акција:

- Формирајте добар тим за регрутирање на дарители
- Привлечете го вниманието на медиумите и јавноста
- Информирајте ги потенцијалните крводарители
- Повторно контактирајте со повеќекратните крводарители
- Обезбедете добри услови за крводарување
- Не заборавајте да се заблагодарите!

Со едно ваше дарување помагате да се спасат три човечки животи. Замислете колку животи може да спаси вашето училиште или факултет ако редовно дарувате крв.

## ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСКИ АКТИВНОСТИ

Критериум за селекција пример: Минимална возраст

Критериуми за селекција :
- најмала и најголема возраст;
- тежина и пропорционална висина;
- основни здравствени критериуми (крвен притисок,пулс,хемоглобин).

Причини за поставување на критериуми

Една успешна кампања за едукација и регрутирање на доброволни неплатени крводарители ќе постигне :
- Помал ризик за пренесување на инфекции преку трансфузија на крв;
- Соодветно и постојано (континуирано) снабдување на крв.

Дарителите на крв кои ги исполнуваат утврдените критериуми за селекција доаѓаат исклучиво од нискоризичните популации, тие се главна цел на едукативните кампањи и допринесуваат за здрав начин на живеење.

## Ризични однесувања

### Вообичаени ризични однесувања

Ризичните однесувања вклучуваат : интравенска употреба на droги, сексуална активност меѓу мажи, проституција, тетовирање и ритуали со крв, сексуална активност со други инволвирани во ризично однесување од секаков вид.
Процес на тестирање на крв ?

### Вообичаени причини за одбивање или исклучување на дарители на крв

Селекцијата на дарители претставува важен чувар за секоја трансфузиолошка служба. Целта не е да примите дарители, туку да примите и задржите сигурни дарители. Клучот на регрутирање и задржување на нискоризични дарители е постојаната едукација, не само за потреба од доброволни и неплатени крводарители туку и за безбедно крводарителство, ризично однесување, причини за ригорозни критериуми за одбивање на дарители на крв.

## Вообичаени верувања и прашања за крвта

### Вообичаени верувања за крвта

Крвта има многу важно **културно** значење. На неа често се гледа како на животна сила и како симбол на семејството и семејните врски. Може да се поистовети со личноста и изгледот. Совладувањето на негативните чувства за крводарителство е главен чекор во секоја кампања за регрутирање. Фактори за демотивација : недоволно знаење за крводарителство, процес на собирање на крв, страв од непознато, религиозни верувања, митови, празноверие и традиција.

### Вообичаени прашања за крводарителство

Кој може да дарува крв? Колку често може да се дарува крв? Како давањето на крв ќе се одрази на моето здравје? Што ако имам некои проблеми по дарувањето? Дали постои ризик од инфекции? Дали се развива зависност од дарување на крв? Што можам да работам пред и по дарувањето? Дали можам да се вратам и продолжам со работа? Дали по дарувањето може да се пуши и пие алкохол?

### Вообичаени причини за да не се дарува крв

Немање на време, страв од болести, страв од игла, страв од заразување со ХИВ, лоша крвна слика, од крвта се прави профит, себичност, предрасуди, необезбедување крв за некој близок член на семејство на крводарител, одземање на бенефиции во здравството, недавање на два слободни дена, нереализирани ветувања, некоректен и нељубезен однос, отсуство на повратна информација, недоволна едукација.

## Како да ги мотивираме потенцијалните дарители

Колку повеќе се прави истражување за мотивацијата и искуството на доброволните крводарители кои прв пат даруваат крв, толку повеќе ќе разбереме на кој начин да ги мотивираме повторно да даруваат крв, со цел да останат активни и редовни крводарители.

Преоптоварувањето со прегледи, прашалници и телефонски анкети може да ги демотивира крводарителите. Потенцијалните крводарители треба да се убедат дека со секое барање на информации ќе се земе во предвид неговото здравје. За понатаму да се истражува, како корисна реакција од новите крводарители треба да се имаат во предвид следните информации: мотивацијата да се дарува крв за прв пат; искуството со постапката за прием; искуство со чинот на дарување на крв; искуство по дарувањето на крв; искуство со повторни постапки за прием и повторна мотивација; методи и начини на комуникација и информирање и др.
Едукацијата е потребна за да се подготви теренот за нова генерација на доброволни дарители, таа претставува основа за безбедно снабдување со крв. Потребата од разновидни и правилни информации допринесуваат да се совлада стравот и незнаењето и да се променат одредени ставови.

## Регрутирање на крводарители

### Редовни дарители

Редовните крводарители претставуваат главна поткрепа и се особено значајни за обезбедување на соодветно, редовно обезбедување на резервите со крв, тие се најсигурни бидејќи се добро информирани за важноста на нискоризичното однесување за обезбедување на сигурна крв. Тие сигурно повеќе ќе одговорат на апелите за дарување крв во ургентни случаи и кризни ситуации.

Доделување на признанија за редовните дарители е секогаш прифатливо, пожелно и треба да се стимулира, а исто така за нив се важни бенефициите за ослободување од плаќање на партиципиција при користење на определени видови на здравствена заштита и користење на два слободни дена од работа или настава.

### Главни причини за дарување на крв

- Алтруизам или милосрдие
- Разбирање на потребите на заедницата
- Потреба за самопочитување или признание
- Награди и стимулативни средства
- Користење на бенефиции во здравството
- Влијание на средината

## Проценка на регрутирањето

### Активности за проценка при регрутирањето

Проценката на активностите за регрутирање е важна ако треба да се осигурате дека вашите техники се ефективни, во поглед на зголемено регрутирање и задржување на крводарителите. Треба да се најде начин за мерење на целите, имајќи ја во предвид базата на податоци, како и кои индикатори или показатели се користеле за оценување на активностите. Добрите програми за оценување можат да се користат во насока на поддршка на обезбедување на финансиски средства и едукација. Оценувањето може да биде краткорочно, среднорочно и долгорочно.

## Крводарители кои престанале да даруваат крв, привремено одбиени крводарители и трајно одбиени крводарители

### Идеи

Овие дарители често имаат потреба да се потсетат дека подолго време не дарувале крв.
Да се влијае тактички, без навреда, да се открие од која причнина тие сега не даруваат: едноставно можеби заборавиле, чувствуваат незадоволство или можеби лутина поради недоволна грижа или долгото чекање на ред кога последен пат дарувале крв.
Вклучување во процесот, со убедување да поведат со себе член од своето семејство или пријател.

### Предности

Меѓу оние дарители кои од икс причини се одбиени, предизвикот е да продолжат да поттикнуваат лојалност и интерес. Тие се многу разочарани што не можат да даруваат крв. Многу луѓе ќе се вознемират и ќе има потреба персоналот кон нив да се однесува тактички и со сочувство. Тоа што овие луѓе ќе почувствуваат дека се ценети и корисни ќе претставува чекор да се покануваат и да помогнат во регрутирање на нови дарители.

### Недостатоци

Привремено одбиените крводарители, од било која причина можат да бидат деморализирачки за крводарителството, па затоа е потребно да им се објасни на тие крводарители зошто се времено одбиени. Овие крводарители треба да се покануваат да продолжат со дарување на крв штом дарителот повторно ги исполнува условите за дарување на крв.

### Активности

Да се креира посебна стратегија со крводарители кои престанале да даруваат крв од различни причини, и истите да се охрабрат и да станат добри мотиватори.

Да учествуваат на презентации, на семинари, трибини и да зборуваат за нивното искуство околу дарувањето на крв, да се активираат во клубови на крводарители, и да се предвидат награди за оние кои ќе регрутираат нови дарители.

Можности за насочено регрутирање со користење на услуги на привремено или трајно одбиени крводарители. Да се следат оние кои изразиле интерес да продолжат со мотивирање и да дадат лична поддршка. Давањето на одредени задачи на овие крводарители претставува најдобра практика за задржување на крводарителите, одржување на добри односи со заедницата и нивна припадност кон службите, без оглед дали тие сега даруваат крв или не.

## Посебни потреби

### Активности за посебни потреби

Еден од предизвиците за создавање и одржување на постојани групи на дарители или регистер е да се обезбеди дека секој дарител без оглед на која крвна група и припаѓа се чувствува потребен и е поттикнат да дарува крв.
Службите за трансфузиологија имаат посебни потреби кога има потреба од крводарители од посебен вид или програма за аферезна донација (процес кој се користи за собирање на леукоцити, тромбоцити и плазма) или автологно дарување. Ова бара специјализирана форма на регрутирање на дарители и има потреба мотиваторот да му даде на дарителот детален опис за оваа програма со цел да помогне во процесот на одлучување.
Пропагандниот материјал кој ќе се издава во вид на брошури, флаери, постери, билтени треба да содржи важни информации за овој вид на посебни програми, во поглед на начинот на кој се користи крвта и потребата од сите крвни групи, а исто така да се изрази благодарност на сите крводарители кои се одлучуваат да даруваат крв за афереза или автологно.

## Користење на електронски систем за пребарување на податоци

### *Потреби и можности за користење*

Електронскиот систем за пребарување на податоци за крводарители претставува ефикасен и прецизен начин за користење на податоци на крводарители. Во Црвениот крст на Република Македонија функционира серверски систем во кој општинските организации на Црвен крст по пат на терминално работење и интернет го користат програмот за водење на евиденција во крводарителство во кој се содржани сите лични податоци за крводарителите и за тоа каде и кога дарувале крв.

### *Модели на покани и контакти со крводарителите*

Телемаркетинг како средство за регрутирање на дарители има голем број намени. Овој вид на маркетиншка активност со употреба на телефон дозволува контакт лице во лице на ефикасен начин, со потенцијал за изградба на лични контакти кои се витални за создавање на лојалност и доверба.
Телефонот за контакт и потсетување е особено корисен за регрутирање и задржување на крводарителите.
Интернетот како средство е особено корисен, затоа што можат да се најдат информации за успешни кампањи, реклами и корисни веб страни.
Поштенските картички за повик и потсетници се исто така корисен модел за директно информирање на крводарителите за одреден настан или организирање на крводарителска акција испратени по пошта или електронска пошта.

## Насочување кон млади луѓе и нови дарители

### *Приоритети*

Младите луѓе, кои претставуваат дарители во иднина, се приоритетна цел. Потребно е да се едуцираат за крводарителство, потребата за безбедна крв и важноста од здравиот начин на живеење. Да се фокусираме на нискоризични популации. Регрутирањето кај младите има за цел да открие што најмногу одговара за мотивација и кои се најдобрите средства да се допре до нив со соодветна порака. Најлесно се допира кај младите во средните училишта и на факултетите, а треба да се користи и методот на врсничка едукација. Наоѓањето на сигурен и вителен извор на крв би требало да претставува главна цел на секоја кампања за прием на нови дарители. Треба да се направи поширока анализа и да се утврдат причините зошто луѓето не даруваат крв : не биле прашани, страв од крв, игли или зарази, не се прифаќа како традиционална активност во рамките на културата, медицинска дисквалификација, немање време, непријатност и др.

## Фамилни / заменски крводарители

### *Потреби и можности за користење*

*Намалување на бројот на фамилни/заменски дарители*

Фамилните или заменските дарители кои даруваат крв само кога некој член од нивната фамилија, од поширокото семејство или пријател има потреба од крв, докажале дека се помалку безбедни од доброволните неплатени крводарители. Ова е заради тоа што тие можеби се наоѓаат под притисок да донираат крв и се непогодни заради ризикот од пренесување на инфекција на пациентот.
Еден систем на фамилно дарителство често содржи “скриен платен систем” на крводарителство, бидејќи семејствата можат да им платат на други луѓе да даруваат крв. Но, треба и понатаму да се контактира со овие дарители и со убедување да постанат редовни или дека нивната крв ни е потребна.

## Законска регулатива

### *Забелешки за законската регулатива за крводарителство*

Во Република Македонија постои законска регулатива за крводарителство: Програма за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија (секоја година се објавува во Службен весник на РМ - последна бр.3/2009), Закон за безбедност во снабдувањето со крв (Службен весник на РМ бр. 110/2007), Закон за работни односи (Службен весник на РМ бр. 62/2005), и други подзаконски акти на ФЗО и Црвениот крст на Република Македонија (Закон и Статут на Црвен крст на РМ).

| *Ресурси* | |
| --- | --- |
| ***Области/категории*** | ***Информации / достапни теми и прашања*** |
| *Општо здравје на крводарителот* | • Намената на крвта во нашето тело<br>• Вообичаени болести на крвта<br>• Како фунционира трансфузијата<br>• Алтернатива за трансфузија на крв |
| *Безбедност на крвта* | • Инфекции преносливи со трансфузија<br>• Нискоризично и ризично однесување<br>• Споредбени ризици на инфекција пренослива преку трансфузија меѓу доброволни неплатени крводарители, фамилни или присилени дарители и платени.<br>• Споредбени ризици на инфекција пренослива преку трансфузија меѓу дарители кои даруваат крв прв пат и редовни дарители |
| *Локално значење* | • Крвни инфекции кои се ендемски или широко познати во локалната заедница<br>• Митови или верувања за крвта и крводарителството |
| *За крводарителите* | • Профил на луѓе кои можат да дадат крв<br>• Профил на луѓе што не треба да даваат крв<br>• Дарување крв и ризик од добивање ХИВ, хепатитис или друг вид на инфекција од процесот на крводарителство<br>• Од кои крвни групи имаат потреба службите за трансфузија |
| *Искуства со дарување на крв* | • Дали боли процесот на дарување на крв?<br>• Дали процесот ќе влијае врз здравјето на крводарителите?<br>• Дали крводарителот потоа чувствува слабост или истоштеност?<br>• Колку крв е потребно да се земе?<br>• Како се обновува крвта?<br>• Што ќе се случи со даруваната крв? |

| Принципи на рекламирање / постоечки крводарители | |
|---|---|
| *Принципи на Рекламирање* | *Забелешки* |
| *Да биде базична* | Поврзете ја и поистоветите крвта со најголеми и најсоодветни човечки потреби. Изолирајте ја основната база на човечка желба преку истражување на човечките мотиви за секс, моќ, статус, безбедност, засолниште, удобност, чувство дека припаѓаат на семејство, потребата за љубов, прифаќање, одобрување итн. |
| *Користете го срцето, а не главата* | Комуникацијата меѓу човечките суштества обично е емотивна. Ефективното, долготрајно рекламирање е повеќе визуелно и емотивно, отколку логично, буквално и рационално. Музиката и сликите имаат поемоционален ефект отколку зборовите. |
| *Засилете ги чувствата што веќе се постигнати* | Работата на рекламирањето често не претставува уверување или убедување, туку засилување, да се негува и да поврзува. Обично најдобро дејствува кога ги зајакнува чувствата што веќе се постигнати. Тоа одбегнува практикување притисок. |
| *Бидете пријателски и топло расположени* | Користете се со познатиот, уличен говор на обичните луѓе. Важна е специфичната културна карактеристика. Таа треба да биде приспособена на локалната култура. |
| *Бидете благонаклонети кон медиумот кон кој се испраќа пораката* | Телевизијата е забава која се следи. Луѓето ја користат за да се релаксираат, забавуваат и да се ослободат.<br>Радиото е интимно, забавно, приватно и лично.<br>Весниците и списанијата се во суштина пологични и прозаични.<br>Интернетот често бара вклучување на публика за да има влијание. |
| *Користете слоган и бесконечно повторување* | Ако вашата реклама е креирана да поттикнува чувства, таа може да се повторува често за да го засили подигнувањето на чувството. “Сигурната крв започнува со мене” е едноставна, но ефективна емотивна порака. |

## Комуникација / однос со медиумите

| | |
|---|---|
| *Како да ја подобриме комуникацијата и односот со локалните медиуми ?* | Да се има поддршка од медиумите значи дека ќе можете од нив да побарате да ги пренесат вашите потреби за комуникација. |
| *Што за медиумите е важно за да излезе како вест ?* | Појава на личност која ќе дарува крв а ќе претставува личен пример во државата, заедницата, средината.<br>Одбележување на празник за крводарителите.<br>Интервју со крводарители рекордери. |
| *Направете список на локални медиуми ?* | Електронски и печатени медиуми. |
| *Дали е потребно да водите евиденција за контакти со медиумите ?* | Отворање на книга регистар за настани објавени во медиумите. |

## Пораки во кризни состојби

| | |
|---|---|
| *Целни групи / нискоризични крводарители* | Итна потреба од дополнителни крводарители. Избор на најсоодветни медиуми во случај на криза, редослед на активности и започнување на медиумска кампања за итни случаи |
| *Креирање на соодветни пораки* | Во кризни ситуации, важно е преку медиумите да се обидете да пренесете позитивна порака. “Потребни се повеќе дарители”, “Службата за трансфузија вели дека нема доволно крв за оние кои се погодени од кризата”. |



| Активност за прием на нови дарители | Индикатор за мерење |
|---|---|
| Плакати и брошури | Број на печатени материјали<br>Број на дистрибуирани материјали<br>Други трошоци во врска со тоа |
| Целни групи | Број на различни пораки<br>Показатели за целните групи<br>Стапка на одговор од различни групи<br>Зголемување на бројот на крводарители во заедниците кои даруваат крв |
| Комуникација | Број на различни медиуми што се користат<br>Стапка на успех за секој од нив<br>Испраќање на картички повик и процент на одзив<br>Обезбедување на средства за покривање на трошоци |
| Пораки | Популарност<br>Реакција на пораката |
| Вклученост на волонтери во организација | Вклучен број на волонтери<br>Стапка на успех во однос на регрутирање на дарители |
| Насочување кон постоечки дарители | Стапка на одговори |
| Насочување кон нови дарители | Стапка на одговори |
| Едукација за поволноста | Зголемување на обемот на поволни дарители<br>Број на дарители кои со себе ќе поведат член од семејството или близок пријател да дарува крв<br>Број на фамилни-заменски дарители кои стануваат доброволни и неплатени |
| Задржување | Зголемување на стапката на враќање на постоечките дарители<br>Стапка на одговори од остарени крводарители |
| Здравствено образование | Намалување на серозастапеноста на инфекции меѓу крводарителите |

| *Активност* | *Процент* |
| --- | --- |
| *Планирање* | |
| *Собирање податоци и истражување* | |
| *Администрација* | |
| *Внатрешна комуникација* | |
| *Надворешна комуникација* | |
| *Активности за едуцирање дарители* | |
| *Директен прием на дарители* | |
| *Активности за задржување на дарители* | |
| *Решавање (справување со проблеми)* | |
| *Проценка* | |
| *Други активности кои имаат врска со вашата работа* | |



# ОДГОВОРИ НА ВЕЖБИ ОД СПРОВЕДЕНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА ЕДУКАЦИЈА НА МОТИВАТОРИ ЗА КРВОДАРИТЕЛСТВО

## ЦЕЛИ

| |
|---|
| Моето знаење стекнато на семинари за едукација на мотиватори ќе го пренесам кај заинтересирани членови во мојата ООЦК. |
| Да најдеме некоја формула за нашата единствена цел - покачување на бројот на првократни и доброволни дарители. |
| Поголема мотивација во крводарителството. |
| Да се прошират знаењата за крвта како лек, крводарувањето како хуман гест и начин како да се мотивираат граѓаните да постанат доброволни крводарители. |
| Да се најде начин да се задржат постоечките бенефиции и по можност да се прошират, кога се прават реформи во здравството. |
| Согледување на сегашните состојби во крводарителството и со взаемни разговори и размена на мислења и сопствени искуства да дојде до надминување на слабостите кои што доведоа до оваа состојба на намалено крводарување. |
| Да се стекнат искуства и нови сознанија, со цел поуспешно да се влијае на мотивирање на нови доброволни крводарители. |
| Мотивирање на крводарителите во заедницата и влијание кај младите да станат идни крводарители. |
| Да се доближиме до сите здрави човечки индивидуи за дарување на крв и вредноста на дарената крв што значи живот. |
| Да се направи увид на досегашната крводарителска активност со посочување на предностите кои треба да се искористат за зголемување на бројот на крводарителите. |
| Едукација за мотиватори во крводарителството и запознавање со проблемите во крводарителството. |
| Продлабочување на знаењета за крводарителтвото. |
| Јакнење на врската помеѓу крводарители и тие што сеуште се мислат да станат крводарители. |
| Да се приберат и систематизираат досегашните искуства и да се добијат нови сознанија за местото и улогата на мотиваторот за крводарителство во заедницата. |
| Зголемување на соработката помеѓу Балканските држави во областа на крводарителството. |
| Стекнатите знаења да можат да се применуваат за мотивирање и потикнување на младите за дарување на крв во средните училишта и на факултетите. |

Осознавање на активностите на општинските организации на Црвен крст во дејноста крводарителство, размена на мислења и информации меѓу учесниците, размена на искуства и новини од други учесници од странство.

Мотивирачка работа при спроведување на конкретни активности и вклучување во разни кампањи за крводарителство.

Семинарите се корисни за збогатување на знаењата и примена на најефективни техники од искуствата од другите земји.

## ОЧЕКУВАЊА

Наоѓање формула за подигнување на свеста на младите за тоа колку е важно дарувањето крв.

Новини во методите за мотивација во крводарувањето.

Зголемување на бројот на крводарители и крводарувања за да има доволно крв која ќе ги чека примателите.

Знаењата од едукацијата да се применат во пракса и да се најде модел како да се зголеми бројот на крводарувањата.

Начин да се стекне повеќе знаење за крводарувањето во нивните средини, да се подобри комуникацијата и информирањето.

Очекување за влез во светот на најхуманите луѓе, макар и како мотиватор.

Добрите примери во крводарителството се поттик за успешно организација и претставуваат отворена порта за младите кои несебично би ја дале својата драгоцена течност за спасување на човечки животи.

Да се искористат искуствата на најуспешните и да се вратиме во сопствените средини со еден подруг пристап од досегашниот. Да бидеме спремни и одлучни за мотивација на други и нови крводарители.

Да се применат новостите и примерите на искусни мотиватори за крводарителство.

Успешно спроведен семинар, со квалитетни предавања од страна на предавачите, со повеќе примери од пракса на терен и методи за мотивирање на нови, млади и пред се здрави крводарители.

Да се дадат насоки во разрешување на проблемите во крводарителството.

Очекувам да ја подобрам мојата способност во мотивацијата на нови крводарители, особено кај помладата генерација која да бидеме реални го загубила интересот за ова хумана работа.

На овој начин, преку размена на мислења и обработка на одредени теми, да се зголеми мотивирачкиот и дарувачкиот дух на населението за да се постигне крајната цел, подобрување на состојбата со крводарителството.

Црвениот крст да дава донации во вид на прехрамбени продукти, средства за хигиена и облека на крводарителите од сиромашни и социјално-загрозени семејства.

Размена на искуства и добри примери во областа на доброволното крводарување.

Да се почитуваат правата на крводарителите при користење на определени видови на здравствена заштита, зошто поголемиот број од нив го заслужуваат ова внимание а се на маргините во општеството.

Да се стекнат одредени знаења и искуства и пренесат во својата средина за помасовна активност.

Да се научи за начинот како да се мотивираат луѓето повеќе да даруваат крв и да се подобри социјалниот статус на голем број редовни крводарители.

Да се организираат поголем број на вакви семинари за едукација на мотиватори со цел да се научи повеќе за значењето на крводарителството и негово унапредување.

Да се дефинираат задачите на Црвениот крст, а исто така и задачите на Службата за трансфузија.

Задржување на постоечките и регрутирање на нови крводарители од популацијата со низок ризик.

Добивање на повеќе информации за начините како да се мотивираат крводарителите и за маркетингот.

Користење на повеќе стручна литература како што се прирачниците за крводарителство и брошурите.



# ШТО ГИ МОТИВИРА И ШТО ГИ ДЕМОТИВИРА КРВОДАРИТЕЛИТЕ

## ШТО ГИ МОТИВИРА

**Мотивација кај средношколци :**

- Два слободни дена од настава;
- Две „милка“ чоколади;
- Добивање на крводарителска книшка;
- Добивање на бесплатен картон со крвна група за возачи;
- Пофалби за хуманоста;
- Организирање на еднодневни излети и екскурзии;
- Бесплатни карти за концерти, забави, претстави во кино, театар, спортски натпревари и сл.

**Мотивација за студенти :**

- Добивање на вонредна сесија;
- Добивање на бодови за прием на факултет;
- Предност за прием во студентски дом;
- Бесплатна сесија;
- Добивање на бодови по кредит трансфер систем;
- Бесплатно фотокопирање на материјали, скрипти и сл.;
- Бесплатна анализа на крв;
- Добивање на бесплатен картон со крвна група за возачи;
- Организирање на еднодневни излети и екскурзии;
- Бесплатни карти за концерти, забави, претстави во кино, театар, спортски натпревари и слично.;
- Членување во клубови на крводарители.

Јавен, приватен и граѓански сектор :

- Два слободни дена од работа;
- Дружење, забава;
- Членување во клубови на крводарители
- Добивање на попусти во шопинг центри;
- Добивање на попусти во туристички агенции;
- Добивање на попуст за кино и театарски претстави;
- Излети на крводарители;
- Симболични награди;
- Ослободување од партиципација при користење на здравствени услуги;

**Останати :**

На повеќекратни крводарители кои немаат здравствено осигурување да им се овозможи да ги користат здравствените услуги како и останатите крводарители, а за нив трошоците да ги покрие министерството за здравство со посебна програма.

За овие крводарители, министерството за здравство формира фонд со кој ќе се покријат трошоците за напаравените услуги при користење на основниот пакет за здравствена заштита.

## ШТО ГИ ДЕМОТИВИРА

- Скратување на бенифициите од здравствена гледна точка;
- Неосигураните крводарители не можат да ги користат постоечките бенефиции;
- Начинот на комуникација крводарител-лекар;
- Недоволна информираност на крводарителот од страна на тимот и одговорниот лекар;
- Лажни ветувања од страна на Црвениот крст и трансфузиолошките служби;
- Различен благодарен оброк и стимулативни средства во вид на подароци за мотивација кои многу често недостасуваат;
- Некоректен однос на екипата за земање на крв при акциите за крводарување;
- Лошата координација помеѓу Црвениот крст и службите за крводарување;
- Непридржување на мобилните екипи на закажаните термини;
- Отсуство на повратни информации на крводарителите во однос на трансмисивните заболувања.

## МОТИВАЦИЈА КАЈ ПРВОКРАТНИ КРВОДАРИТЕЛИ

- Личен пример како основен мотив;
- Успешност во начинот на мотивирање од страна на мотиваторот : мултимедијални презентации, брошури, прирачници и сл.
- Афирмација преку медиуми и благовремено известување ;
- Мотивирање на целни групи : во работни организации, училишта и факултети, здравствени организации, месни заедници, банки, пошти и средини со поголема концентрација и фрекфренција на луѓе.

## МОТИВАЦИЈА КАЈ ПОВЕЌЕКРАТНИ КРВОДАРИТЕЛИ

- Покани за манифестации организирани од страна на Црвениот крст;
- Честитки по повод лични јубилеи во крводарувањето, за Нова година и за роденден;
- Исполнување на ветувањата од страна на Црвениот крст и службите за трансфузиологија во однос на лични и семејни здравствени проблеми;
- Почесто истакнување на групни и поединечни активности на крводарителите преку пишувани и електронски медиуми;
- Организирање на излети, средби со крводарители од државата и соседните земји;
- Изнаоѓање на нови форми и начини за задржување на дарителите со право на користење на двата слободни денови од работа, користење на бесплатни здравствени услуги, добивање на симболични подароци и општествени признанија.

## КАКО ДА ЈА ПОДОБРИМЕ СОСТОЈБАТА ВО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ?

- Поагресивна кампања (преку сите медиуми);
- Зголемување на бенифициите на крводарителите и задржување на постоечките (законски регулирани);
- Едукација уште од најмладите години (осмолетки и средни училишта);
- Поголема одговорност, подобар пристап и прием на крводарителите;
- Поголемо учество од страна на сите медиуми;
- Усовршување на организаторите и мотиваторите преку едукативни семинари;
- Унифицираност на стимулативните средства - доделување на симболични подароци, јубилејни признанија, испраќање на честитки;
- Соработка и превземање (размена) на искуства од други држави ;
- Обезбедување бесплатни вакцини против грип и хепатит Б за крводарителите
- Подобрување на комуникацијата помеѓу Црвениот крст и РЗТ и другите трансфузиолошки служби ;
- Воведување на електронска евиденција (компјутеризација) ;
- Организирање на манифестации, забави ;
- Грижа за здравјето на крводарителите.

## ШТО ЌЕ НАПРАВИМЕ ЗА ДА БИДЕ ПОУСПЕШНО КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ?

- Сите крводарители да имаат регулирано здравствено осигурување;
- Да се обезбедат финансиски средства за организирање на семинари за едукација на мотиватори во крводарителство;
- Крводарителските акции да бидат организирани на достојно ниво;
- Размена на искуства на локално, централно и меѓународно ниво;
- Едукација на населението за значењето на крводарувањето во сите сектори : јавен, приватен и граѓански;
- Респект на крводарителот од страна на Црвениот крст, трансфузиолошките служби и целиот здравствен систем;
- Активна медиумска презентација за постигнувањата на индивидуално и групно ниво;
- Навремено обезбедување на средства за крводарителство од Програмата за органзиирање и унапредување на крводарителството во РМ;
- Почести средби на активистите на Црвениот крст за подобро запознавање и успешна соработка;
- Задршка на постоечките бенефиции со можност за нивно проширување;
- Почести средби со градоначалниците за решавање на сите проблеми на локално ниво ;
- Контакти со бизнисмени и директори кои можат да придонесат за крводарувањето;
- Активно учество на младата популација во сите активности на Црвениот крст.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Потребно е овие семинари за едукација на мотиватори во крводарителството да продолжат во континуитет;
- Соработка со НД на Црвен крст во регионот и организирање на заеднички едукативни семинари за мотивација на доброволното крводарување;
- Размена на искуства во однос на начините на мотивирање на различни целни групи;
- Поголеме вклучување на медиумите во кампањи за доброволно крводарување;
- Регрутирање на нови дарители;
- Мотивирање на тие еднаш што дарувале крв, повторно да даруваат крв;
- Мотивирање на повеќекратни крводарители;
- Поврзување со приватниот сектор, локалната заедница и соработка со НВО секторот;
- Поголема грижа за здравјето на крводарителите;
- Задржување на правата на крводарителите.



# ГРАФИКОНИ

## Број на реализирани крводарувања и процентуална застапеност по факултети за период 2005 - 2008 година






# БЕНЕФИЦИИ

## СО КОИ КРВОДАРИТЕЛИТЕ КОИ ДАРУВАЛЕ КРВ НАД 10 ПАТИ СЕ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

ДВА СЛОБОДНИ ДЕНОВИ ОД РАБОТА И НАСТАВА
(СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА Р.М. БР. 62/2005 ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ)

АМБУЛАНТНО - ПОЛИКЛИНИЧКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА;

ЛАБОРАТОРИСКИ ПРЕГЛЕДИ И АНАЛИЗИ ;

РЕНГЕНТСКИ ПРЕГЛЕДИ И СНИМАЊА;

ПРЕГЛЕДИ НА УЛТРА ЗВУК (ЕХО ПРЕГЛЕДИ) ;

ПРЕГЛЕД НА КОМПЈУТЕРСКА ТОМОГРАФИЈА
И МАГНЕТНА РЕЗОНАНЦА;

СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД;

БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
СО ВКЛУЧЕН ОПЕРАТИВЕН ЗАФАТ;

ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛЕСТИ НА УСТА И ЗАБИ.

# ЛИТЕРАТУРА


- Прирачник за едукација на мотиватори во крводарителството
  Д-р. Мед. сци. Н. Камчев, Прим.д-р Ј.Алексовска, К.Едровска Исајловска, Г.Новачевски, Црвен Крст на Р.Македонија, Скопје, 2006
- Прв семинар за обука на мотиватори во крводарителството,
  Црвен Крст на Р. Македонија, Струга, 2005
- Прирачник "Да се направи разлика",
  Меѓународна Федерација на Црвениот Крст и Црвената полумесечина, Скопје, 2003
- Прирачник за интерактивна работа - Тим, Комуникација, Конфликти, Кампањи
  Проф. д-р В.Велиќ Стефановска, К.Едровска Исајловска, М.Стефановска, З.Иванов, Скопје 2006
- World Health Organization
  www.who.int/bloodsafety
- International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies
  www.ifrc.org
  www.ifrc.org/what/health/blood
- International Federation of Blood Donor organizations
  www. fiods.org
- Red Cross Youth
  www.redcrossyouth.org
- School Youth Project
  www.unitedbloodservices.org
- Canadian Blood Services
  www.bloodservices.ca
- Red Cross Red Crescent - Youth activities - Club 25
  www.ifrc.org/youth/
- Црвен крст на Република Македонија
  www.redcross.org.mk
- Црвен крст на град Скопје
  www.skopje-redcross.org.mk